ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 33/1/2016
23.03.2016 год.
СКОПЈЕ

Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на седницата, одржана на 26.02.2016 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд под наслов **МЕДИУМИ И СЕЛЕБРИТИ КУЛТУРА: СЕКОЈДНЕВИЕТО КАКО СПЕКТАКЛ**, поднесена од кандидатка Магдалена Аврамовска, во состав: Проф. д-р Магдолна Колар-Панова, Проф. д-р Катерина Колозова и Доц. д-рКалина Леческа.

Комисијата се заблагодарува за укажаната доверба и откако го прегледа магистерскиот труд, на Научниот совет го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Библиографска белешка за кандидатката

Магдалена Аврамовска е родена на 15.4.1989 година во Дебар, Р.Македонија. Кандидатката дипломирала на Филозофскиот Факултет – институт за Филозофија, при Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје во 2012 година.

### 2. Кус опис на трудот

**2.1 Предмет** на истражувањето на овој труд се главните карактеристики на медиумскиот спектакл и раѓањето на селебрити-културата. Акцент ќе биде ставен врз продукцијата, експанзијата и моќта што селебрити-културата ги има врз обликувањето на човековата свест и структурирањето на секојдневието. Таквото спектакуларизирано секојдневие ги менува и односите во општеството со тоа што создава услови за произведување на потрошувачи. Телевизијата, рекламите, реалните шоуа, интернетот и другите медиумски платформи што го олеснуваат патот кон славата и нивниот развој се основата за зацврстување на медиумските хегемонски позиции врз современиот човек.

**2.2 Целта** на истражувањето е теоретски да се истражат начините на кој се создава спектакуларизираното секојдневие под директно влијание на културата на славни личности, што оди рака под рака со медиумските спектакли. Во трудот е прикажан краток историски осврт на развојот на технологиите, од појавата на фотографијата, радиото и телевизијата до интернетот и дигиталните платформи, за да се разбере процесот на спектакуларизирање.

**2.3 Структура на трудот**

Магистерскиот труд на Магдалена Аврамовска, **МЕДИУМИ И СЕЛЕБРИТИ КУЛТУРА: СЕКОЈДНЕВИЕТО КАКО СПЕКТАКЛ**, е напишан на 86 страници, од кои 74 се основен текст на тезата, а 4,5 страници се со библиографски единици т.е. користена литература.

Тезата е составена од **Вовед**, **три поглавја, Заклучок, и Користена литература.**

**Во првата глава,,МЕДИУМСКИ СПЕКТАКЛ"**се разгледуваат теориите околу самиот поим на спектаклот како и неговата медиумска моќ. За најзначајна се зема теоријата на Ги Дебор (Guy Debord), кој спектаклот го користи за да ја опише доминацијата на медиумските слики што функционираат низ природата и низ ефектите на капитализмот. Даглас Келнер (Douglas Kellner) зборува за мегаспектакли, кои се појавуваат во ерата на технокапитализмот, кога животот станува директно управуван од развојот на технологиите. Жан Бодријар (Jean Baudrillard) е уште еден теоретичар што се занимава со моќта на сликата, но само како симулација. Жан Бодријар го внесува спектаклот на ново ниво, ниво на хиперреалност, во кое ја напуштаме ерата на спектакли и навлегуваме во ера на симулации.

**Втората глава ,,СЕЛЕБРИТИ КУЛТУРА - КУЛТУРА НА СЛАВНИ ЛИЧНОСТИ"**, се состои од истражувања и од разгледувања на теориите околу поимот на славата, како и целата култура што е создадена околу неа. Во методолошка смила, краток осврт на статусот на славата во минатото, појавување на статусот на славни личности и третманот денес. Следуваат анализа и синтеза на процесот на создавање славни личности, трансформирањето на вредностите во производи за широка употреба.

**Во третата глава**, **,,СЕКОЈДНЕВИЕТО КАКО СПЕКТАКЛ"** акцентот е ставен на можеби најважниот елемент на овој труд, а тоа е печатот што селебрити културата и медиумските спектакли го имаат оставено врз индивидуалната култура на поединецот во современиот свет. Сликите, производите, наметнатите вредности, ставови, вкусови, навики и рапидната моќ и достапност на информацијата го ставаат современиот човек во улога на пасивен потрошувач, што ѝ оди во прилог на самата индустрија. Во реалност што е тотално спектакуларизирана, поединецот добива карактер на набљудувач (homo spectator), животот се структурира околу матрици наметнати од медиумите, кои постојано генерираат нови и посакувани идентитети.

Во **Заклучокот** кандидатката ги сублимира теориите на Ги Дебор, Стивен Бест и Даглас Келнер и Жан Бодријар, и краткиот осврт кон моќта на медиумите низ историјата, заклучувајќи дека уште од античко време па сè до денес спектаклот доживува експанзија врз речиси сите сфери на животот на современиот човек во капиталистичките уредувања, ставајќи го во положба на пасивен спектатор кој не изразува никаква способност за критичка мисла, на кој му е потребна само забава и возбуда.

**3. Заклучни констатации и предлог**

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека магистерскиот труд **МЕДИУМИ И СЕЛЕБРИТИ КУЛТУРА: СЕКОЈДНЕВИЕТО КАКО СПЕКТАКЛ**,поднесен од кандидатката Магдалена Аврамовска дава теоретски придонес во областа на медиумите и селебрити културата. Користејќи формални постапки и дефинирајќи оригинални хипотези, авторката успешно придонесува кон разбирањето на селебрити културата и спектаклот како водечки фактори на создавањето на секојдневието и спектакуларизираната илузија на стварноста.

Овој магистерски труд успешно го расветлува спетакуларизиранато секојдневние заситено од селебрити културата низ анализа на теориите на Ги Дебор, Даглас Келнер и Жан Бодријар, укажувајќи на тоа дека сликите, производите, наметнатите вредности, ставови, вкусови, навики и рапидната моќ и достапност на информацијата, го ставаат современиот човек во улога на пасивен потрошувач, што ѝ оди во прилог на самата медиумска и културна индустрија. Во оваа тотално спектакуларизирана хиперреалност, поединецот добива карактер на набљудувач (homo spectator) и секојдневниот живот се структурира околу матриците наметнати од медиумите. Медиумите овој начин, постојано генерираат нови и посакувани матрици за идентитети, и ја зацврстуват хегемонијата врз современиот човек.

Трудот е структуриран на јасен и прегледен начин, и е поткрепен со релевантна библиографија. Со овој труд кандидатката докажува дека ги совладала научно-истражувачките и методолошки постапки во изработката на самостоен научен труд. Врз основа на увидот на трудот и врз основа на горе изнесениот заклучок, Комисијата позитивно го оценува магистерскиот труд на Магдалена Аврамовска под наслов **МЕДИУМИ И СЕЛЕБРИТИ КУЛТУРА: СЕКОЈДНЕВИЕТО КАКО СПЕКТАКЛ**, и има чест на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, да му предложи на кандидатката Магдалена Аврамовска да и одобри јавна одбрана на магистерскиот труд.

Скопје, 22.03.2016

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА:**

1. **Д-р Катерина Колозова, редовен професор, претседателка на Комисијата**

   ______________________________

2. **Д-р Магдолна Колар-Панова, редовен професор, членка на Комисијата**

   ______________________________

3. **Д-р Калина Лечевска, доцент, членка на Комисијата**

   ______________________________

Институт за општествени и хуманистички науки * Скопје